Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 492 www.mchamber.mk 13.5.2022

# РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВО ФОКУСОТ НА АЗЕСКИ




ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ - АЛАТКА ЗА ПОЛЕСНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ - АЛАТКА ЗА ПОЛЕСНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД



Во услови на недостаток на стручен кадар за непрекинато работење на компаниите, дуалното образование е најефикасниот начин за обезбедување стручен кавлификуван кадар. Инвестицијата во дуалното образование е инвестиција во реалниот сектор, а со тоа и во растот на економијата, бидејќи економијата мора да се потпира на стручност и применливи знаења.

Стопанската комора пред многу години го детектираше проблемот со недостаток на стручен кадар, а од 2016 година со свои активности придонесуваше за воведување на дуалното образование како можност компаниите самите да учествуваат во креирање на потребниот кадар, преку креирање на квалификации и образовани програми, но и преку вклученоста во реализација на практичната обука на учениците.

Кампањата „Учи паметно, работи стручно“ што ја спроведуваат Стопанската комора и министерството за образование и наука, со поддршка на проектот „Образование за вработување“, придонесе за зајакнување на  социјалниот дијалог помеѓу реалниот и образовниот сектор на локално и регионално ниво за дизајнирање на нови квалификации и модернизирани образовни програми, воспоставување на рамнотежа на понудата и побарувачката и креирање релевантна уписна политика за она што има потреба на пазарот на труд за да можат учениците по нивното вработување веднаш да се вработаат, а не образување кадри кои ќе бидат неупотребливи. Тоа го констатираше и Европската комисија во Извештајот за напредокот на нашата земја дека 80% од невработените се долгорочно невработени поради неусогласеноста на понудата и побарувачката за вештини.

Интересот на компаниите кои се вклучуваат во стручното образование и обука расте. Пред само две години имавме 11 компании вклучени во процесот, минатата учебна година имавме 211 компании, а веќе за идната учебна година во конкурсот се вклучени околу 500 компании и тоа во време кога минатата година, поради здравствената криза, 7.000 компании престанаа со своето работење.

Придобивките и трошоците за компаниите од вклучувањето во стручното образование се променливи во зависност дали се гледа краткорочно или долгорочно. Ако се гледа краткорочно, трошоците се поголеми и се однесуваат на обезбедување ментор, лице вработено во компанијата кое ги води учениците низ работните процеси, обуката за ментори, верификацијата на компанијата, обезбедување услови за практична обука, опрема за безбезбедност и заштита на учениците, надомест за работата на учениците, за храна и превоз. Ако се гледа долгорочно, придобивките се поголеми затоа што учениците се подготвени за работните процеси, развиваат специфични практични вештини, развиваат меки вештини, имаат употребливо знаење, веднаш можат да се вклопат во работната средина, нема дополнителни финансиски средства на компанијата за дообука на новоработените и може да ги предвидува идните инвестиции зошто знае дека веќе има иден кадар за своите потреби.

# СО ВКЛУЧЕНОСТ НА КОМПАНИИТЕ ВО РАЗВОЈОТ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ДО НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО КАДАРОТ ВО ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР




Градежниот сектор е еден од секторите кои се најзасегнати од проблемот поврзан со недостатокот на стручен кадар. Податоците за староснатa структура на вработените лица во секторот пак, покажуваат дека најголем процент се лица на возраст од 30 до 49 години (46%), а по нив следува категоријата лица на возраст од 50 до 64 години (35,7%). Младите лица на возраст од 15 до 29 години се најмалку застапени како работници во оваа стопанска гранка со само 17,6%. Поради тоа, надминувањето на проблемот со недостатокот на стручен кадар, зголемување на атрактивноста на градежната струка, како и јакнење на соработката помеѓу образовните институции и реалниот сектор е во фокусот на програмските активности на Здружението на градежништвото, индустријата на градежните материјали и неметалите.

Управниот одбор на Здружението одржа седница на која дискутираше за улогата на градежниот сектор во коморските активности посветени на стручното образование и обука во следниот период, при што акцент беше ставен на активностите планирани во рамки на проектот „Образование за вработување (Е4Е@mk)". М-р Наташа Јаневска од стручната служба ги презентираше можностите за развивање на стручните вештини и компетенции преку механизмите кои ги овозможува дуалното образование согласно важечките прописи, условите кои компаниите треба да ги исполнат за да се вклучат во процесот на дуално образование и да земат ученици на обука во компанијата. Беше оценето дека за успешно реализирање на практичната обука на учениците, сите учесници во процесот, односно менторите во компаниите, наставниците и учениците треба да покажат максимална одговорност, посветеност и сериозен пристап кон процесот со цел развивање квалификуван и квалитетен кадар кој ќе придонесува за раст и развој на компанијата.

Присутните дискутираа и за состојбите во секторот по почетокот на годината за што посочија дека продолжува неизвесноста во градежната индустрија и не се гледа крајот на поскапувањата на градежните материјали, енергијата и другите трошоци, поради што неопходна е соработката со надлежните институции кои мора да се одважат и да преземат активности во однос на барањата кои ги испорачаа градежниците. Предмет на разговор беа и иницираните и преземените активности на Здружението за поддршка на градежната индустрија, како и Нацрт ценовник за инженерски услуги доставен до Здружението од Министерството за транспорт и врски.



# ОБУКИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО КОМОРАТА




Тргнувајќи од постулатот дека човечкиот капитал игра клучна улога во креирањето и одржувањето на врвните остварувања на организацијата, Стопанската комора на Северна Македонија континиурано создава услови со кои им овозможува на вработените развој на личните и организациските вештини, знаења и способности.

Во таа насока, за успешна реализација на еден од главните приоритети на кој работи -обезбедување квалитетно образование по мерка на бизнисот и вклучување на бизнис зедницата во процесите и креирањето на образовните политики, Комората, со поддршка на проектот "Образование за вработување", ја организираше првата обуката за јакнење на капацитетите од област на образованието и квалификацискиот систем во нашата земја, со цел унапредување на знаењата на вработените во Комората за постоечкиот систем на квалификации и обезбедување квалификации според потребите на пазарот на труд и барањата на реалниот сектор.

Целна група на обуката беа координатори на здруженијата во рамките на Комората и вработените во регионалните комори во Битола, Прилеп, Штип, Кичево, Струмица и Кавадарци.

На обуката, учесниците се запознаа со законската поставеност на Националната рамка на квалификации (НРК) и нејзиното место во севкупната политика за образовни реформи.

Во првиот дел од обуката пред учесниците беше презентирана структурата на Националната рамка на квалификации која опфаќа: нивоа и подниовоа на НРК; описи на нивоата; резултати од учење (образование/вработување); обем на квалификацијата и видови кредити; типови на квалификации; сектори на квалификации и јавниот документ што се добива за стекнатата квалификација.

Во вториот дел од обуката беа претставени телата во квалификацискиот систем и нивната улога (Секторските комисии и Одборот за Национална рамка на квалификации).

Обуката беше интерактивна и сите учесници имаа можност да ги искажат своите ставови и видувања, а предавач на обуката беше Борчо Алексов, раководител во Министерство за образование и наука.

# ИДНИНА ЗА МЛАДИТЕ, НО И МЛАДИ ЗА ИДНИНАТА ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА



**Како до повеќе практична обука на учениците во компаниите, на самото работно место и во реалниот работен процес?**

Теоријата е важна, но ако нема практична обука, знаењето нема да има применлива вредност. Практичната обука во компанија е процес на учење и стекнување искуство во реална работна средина во која учениците ги развиваат практичните вештини и стручни компетенции, како и меките вештини работејќи со специфични алатки, средства, направи и уреди и имаат можност теоријата што ја стекнале на училиште, практично да ја видат и применат, со почитување прописи и стандарди. Затоа практичната обука во компанија е задолжителен дел од процесот на образованието на младите во стручните училишта и алатка за поефикасна транзиција „од училишната клупа на работното место“ и поефективна адаптација при вработувањето.

Но само со квалитетно менторство во компанијата ќе имаме успешна практична обука. Позицијата ментор во компанија има исклучителна важност во едукацијата на учениците и нивната стручна подготовка од кои најмногу зависи успешниот настап на младите на пазарот на трудот. Менторите ги водат учениците низ работниот процес, ги запознаваат со организациската структура на компанијата, им го пренесуваат своето практично искуство и ги развиваат нивните стручни вештини специфични за работните задачи, но и меките вештини како одговорност, посветеност, чувство за припадност, донесување одлуки, тимска работа.. Со менторот, компанијата е сигурна дека учениците имаат постојан надзор додека престојуваат во компанијата и дека ќе бидат подготвени според спецификата на работење на компанијата.

Стопанската комора на Северна Македонија во партнерство со министерството за образование и наука реализираа серија обуки за ментори од 220 мали, средни и големи приватни претпријатија од 8-те региони, кои поминаа специјализирана тридневна обука со фокус на различни модели на обезбедување поддршка на учениците и нивно воведување во работниот процес.

Обуките за ментори ги поминаа 177 претставници на компании – ментори кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на средното стручно образование на учениците, а од нив 56% се жени – менторки од традиционални сектори како машинство, електротехника, хемија, технологија...

Активноста е дел од проектот за премостување на јазот кај новите вештини за креирање нови и подобри работни места реализиран од УНДПМК, а финансиски поддржан од Британската амбасада во Скопје. (#Skills4future #skillnext #UKinMK #LeavingNoOneBehind).



# УСПЕХОТ НА ИНСТИТУЦИЈАТА ЗАВИСИ ОД СТРУЧНОСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ



Како институција која континуирано вложува во развојот на човечките ресурси, свесна дека успехот на институцијата зависи од стручноста на вработените, Стопанската комора, ја реализираше и втората обука согласно Програмата за развој на човечките ресурси.

Тема на обуката беше: Стандарди на занимања и стандарди на квалификации за обезбедување квалификации за потребите на бизнис зедницата на која учесниците се запозна со улогата на стандардите на занимања и стандардите на квалификации. На обуката беше истакнато дека дизајнирањето на стандардите е резултат на потребата образовниот систем да биде усладен со потребите на пазарот на трудот, бидејќи поради таквата нескладност, реалниот сектор по вработувањето на новиот кадар имаше потреба од дополнителни обуки за вештини за вклучување на нововработените во работните процеси. Предавач на обуката беше м-р Наташа Јаневска, експерт за образование во Комората.

Во првиот дел од обуката беа презентирани содржината на двата стандарда (Стандардот на занимање и Стандардот на квалификација) и нивната употребна вредност, како и процесите за развивање и дизајнирање на стандардите. Преку стандардите на занимања и стандардите на квалификации, образовниот систем треба да пронајде нови начини за развивање на приоритетните практични, но и трансферзални вештини (критичкото мислење, решавањето на сложени проблеми, взаемното делување, учење како да се учи, воведување новини, корпоративна одговорност, совладување неуспех, донесување одлуки, анализирање, истражување, раководење со проекти, пишување, поучување и комуникации, потребни на реалниот сектор и кои ќе можат продуктивно да се применат во различни работни опкружувања.

Во вториот дел од обуката учесниците се запознаа со процесите за осигурување квалитет, телата за осигурување квалитет во квалификацискиот систем и со постапките за вклучување на квалификациите во регистарот на квалификации.

Обуката беше интерактивна што придонесе да се дадат одговори на неколку отворени прашања од процесот на развивање на квалификациите, креирани според потребите на реалниот сектор, но и за личен развој на поединецот.

# РЕАЛИЗИРАН МОДУЛОТ ЗА “ТЕХНИКИ НА ПРЕГОВАРАЊЕ”



**Дали ја знаеме умешноста на успешно преговарање? Свесно или не, сите ние секојдневно се служиме со некоја форма на преговарање од различни аспекти од животот: деловен, општествен или личен. Преговарањето претставува вештина, а една од најважните алатки за постигнување на успешни преговори е комуникацијата. Деловното преговарање е перспектива од која зависи целокупниот успех на бизнисот. Способноста во исто време да се гради релација на взаемна доверба и да се преговара, внимавајќи на своите фокус цели и интереси е редок квалитет на бизнис заедницата.**

Класификација на преговори и стратегии, ефикасна подготовка, истражување и откривање на преговарачките позиции, учество на трета страна, булверизам, проширување на обемот на преговори, примена на закани и авторитети, одложување на финалната одлука, преговарање на формални договори, трансакциски модел на комуникација, особини на добри преговарачи, невролингвистичко програмирање и најчестите грешки во преговорите, како и комуникациските вештини и техники како успешна алатка за постигнување на преговори беа темите коишто беа разработени на дводневното предавање коешто се одржа на 5 и 6 мај 2022 година како дел од Модулот: „Техники на преговарање“ во рамки на Програмата 1-Клуб на менаџери-претприемништво и лидери во реализација на Советот за високо образование и стратешки истражувања при Стопанската комора на Северна Македонија.



Модулот насловен како „Техники на преговарање“ беше интензивен и интерактивен и претставуваше силна инспирација за натамошен раст и надградба на идните деловни лидери. Предавачите, практичари, едукатори, менаџери, стопанственици, интерактивно ги споделија своите искуства, меѓународни пракси и реални вежби по примерот на еминентните центри за обука на оваа тема.

Во текот на дводневното предавање учесниците имаа можност да се вмрежат и преку интерактивна дискусија и примери да ги слушнат личните прикази од нашето деловно опкружување. Предавачи на модулот за Техники на преговарање беа:

-Иван Петрушевски, Костал Македонија од Охрид, со искуство со преговари на мултилатерални акти како член на Секторот за меѓународна соработка во Собранието на РС Македонија, како и учество во преговори и реализација на инвестициски договори со мултинационални комапании, кој воедно беше и координаторот на модулот,

-д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, доктор по менаџмент на Економскиот факултет при УКИМ, потпретседател во Комората со над 20 години работно искуство во Комората од кои 15 години на позицијата извршен директор. Таа е лиценциран медијатор и лиценциран обучувач на медијатори,

-Кристијан Поленак, управувачки партнер на адвокатското друштво „Поленак“, со 27-годишно искуство во повеќе области на правото,

-Владимир Георгиев, специјалист за клиничка психологија, сертифициран тренер за личен развој и еден од првите јога тренери во земјата,

-Огнен Цубалевски, извршен менаџер на ODW Elektrik, Струга, со 30 годишно искуство во индустријата.

-Мирослав Тренчевски, магистар по финансии и банкарство на државниот Универзитет за економија и финансии во Санк Петерсбург, сопственик и управител на компанија во Македонија и

-Бошко Станковски, докторант на Универзитетот во Кембриџ, Обединето Кралство, каде што има и магистрирано, експерт-консултант на European University Institute во Фиренца.

Учесници на Програмата за бизнис лидери се 30-тина претставници од средно големи и големи компании од Република Северна Македонија кои се првите слушатели на оваа шест месечна обука која завршува на 7 и 8 јуни годинава со последниот Модул за комуникација, промоција и маркетинг.

Ментори на Програмата за бизнис лидери се д-р Глигор Бишев кој е претседател на Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања и д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија.

# РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВО ФОКУСОТ НА АЗЕСКИ



**Во рамките на регионалните иницијативи, кои претставуваат алатка за проектиран излез од мултикризната ситуација, делегација на СКСМ, предводена од претседателот Бранко Азески разговараше со раководството на Кипарската трговско-индустриска комора, која оваа година претседава со Асоцијацијата на Балканските комори.**

Стопанската комора на Северна Македонија е една од иницијаторите, основачи и активните членови на Асоцијацијата на балканските комори - АБК (основана на 17 септември 1994 година во Мангалија, Романија) со основна цел создавање слободна трговска зона на Балканот. Членки на АБК покрај Стопанската комора се и Унијата на стопански комори на Албанија, Надворешно-трговската комора на БиХ, Бугарската трговско-индустриска комора, Унијата на трговско-индустриските комори на Грција, Стопанската комора на Кипар, Стопанската комора на Романија, Стопанската комора на Србија, Унијата на трговски комори и стокови берзи на Турција (ТОББ), Стопанската комора на Црна Гора и Стопанската комора на Косово

Генералните собранија на АБК, се одржуваат два пати/еднаш годишно и се прилика за размена на информациите за стопанските состојби во земјите-членки и средби со претставници на Влади на земјата домаќин, се упатуваат Декларациите во Владите и релевантни меѓународни организации со конкретни иницијативи за подршка на бизнисите преку унапредувањето на деловниот амбиент.

Со оглед на фактот дека во нашиот регион егзистираат неколку иницијативи, денешната средба се искористи да се фокусираат приоритетните теми кои нема да се преклопуваат со прашањата кои се третираат во рамките на КИФ и Отворен Балкан. Првата конференција на АБК која ќе се одржи оваа година во мај, ќе биде фокусирана на искуствата и проекциите за излезот и опоравувањето на националните економии од Ковид кризата, додека на втората конференција на АБК во декември ќе се дискутира за искуствата во соработката на земјите членки на оваа асоцијација, и тоа оние кои се дел од ЕУ со земјите кои претендираат да бидат членки на ЕУ.



Потпретседателката на Комората д-р Елена Милевска Штрбевска го посети одделот за издавање меѓународни трговски документи (АТА карнети и сертификати за потекло на стоки). Кипарската комора во оваа област планира дигитализација на процесите со примена на block-chain технологија. Исто така, беа разменети искуства околу арбитражата, притоа беше посочено дека кипарската комора нема посебна арбитражна институција во својот состав, туку во трговските договори најчесто се предвидува арбитражата при Меѓународната трговска комора во Париз (ICC).

Посетата на Кипарската трговско - индустриска комора е одличен пример за модерна комора која кадровски, технички и функционално ги има усогласено своите капацитети со современите потреби на бизнисот.

Во кипарската економија доминираат услужните дејности од областа на финансиите, ИТ-секторот и туризмот.

Во текот на утрешниот ден дрлегацијата на СКСМ во Солун ќе оствари средба со партнерските комори од северниот дел на Грција, на која ќе се разговара за заедничките проектни актовности во наредниот период. Во сите досегашни разговори на регионално ниво, единствен е заклучокот дека националните економии на балканските држави немаат доволен капацитет да се справат со последиците од кризите и да проектираат натамошен развој и затоа се повикуваат сите бизнис асоцијсции во регионот да ги интензивираат своите активности и барања за поддршка од владите во сопствените држави и меѓународните финансиски институции кои мора во оваа ситуација да помогнат, како би се задржале бизнисите и работните места, а со тоа во подоцнежниот период да можат и бизнисите да помогнат на сопствените држави.




Следната дестинација на барање поддршка е Париз, каде раководството на Коморскиот инвестициски форум ќе разговара, во рамки на конференцијата на OECD, со неколку значајни меѓународни организации.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Конференција**

**16-17.05.2022**

# КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА: „ПРОМОЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ“

Со цел подобро промовирање и позиционирање на туристичките понуди на Западен Балкан низ светот, од витално значење е поттикнувањето на заедничките туристички понуди на регионот. Во таа насока, Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина, во соработка со другите пет комори од регионот во рамките на Коморскиот инвестициски форум „ЗБ6 (КИФ)“ и на Проектот „Коморско партнерство за Западен Балкан“, организира конференција на тема „Промоција на регионалните туристички производи“, која ќе се одржи на 16 и на 17 мај 2022 година во Хотелот „SL Industry“ во Требиње.

Дводневниот настан, чија примарна цел е вмрежување и размена на знаење и на искуства, ќе започне со обиколка на Винскиот пат во Херцеговина, а вториот ден ќе се реализира конференцијата со панел-дискусии за регионалните туристички дестинации, со учество на експерти од туризмот од шесте земји на Западен Балкан, по што се предвидени и билатерални средби за вмрежување, за успешно развивање регионални туристички производи, како и за заедничка промоција на Западен Балкан.

На конференцијата се очекува да присуствуваат околу 100 компании од секторот туризам (туристички агенции, тур-оператори, претставници на угостителскиот сектор, на институции, на туристички одбори, како и претставници на регионалните комори од Западен Балкан).

*За повеќе информации контакт-лица: м-р Сања Николова, тел: 02/3244-091, моб: 071/230-452, електронска адреса: sanja@mchamber.mk или Даниела Михајловска-Василевска, тел: 02/3244-021, моб: 072/220-037, електронска адреса: daniela@mchamber.mk*

*Градот Требиње ја освои првата награда на Меѓународниот натпревар „Зелени дестинации – 100 најдобри приказни за одржливоста“, во рамките на Меѓународниот саем за туризам во Берлин, „ИТБ“, со својата приказна „Херцеговска куќа“ и токму од тие причини претставува совршено место за реализација на овој настан.*

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3373&lng=1



**Семинар**

**18.05.2022**

# УПРАВУВАЊЕ СО УЧИНОКОТ – АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ

Кога зборуваме за УПРАВУВАЊЕ СО УЧИНОКОТ зборуваме за управување со резултатите од работата на секој вработен, преку поставување јасни индикатори и цели кои треба да се постигнат. Факт е дека без поставени очекувања и цели, ангажманот на вработените често е прашање на “добра волја” – да работат колку можат или колку што сметаат дека е доволно. Со ова, се доведува во прашање долгорочниот развој на компанијата и секако нивото на успех кое може да се постигне.

Велат дека најдобар начин да се предвиди иднината е истата да се планира. Ова се покажа како особено важно во услови на светска пандемија, кога компаниите беа соочени со потреба да носат брзи одлуки за прилагодување кон новите услови на работа. Оние компании кои имаа поставено системи за управување со учинокот како секојдневен начин на работа, брзо можеа да ги ревидираат индикаторите за учинокот, не само како бројки, туку како нов пристап кон извршување на задачите. Системот за управување со учинок може да биде поврзан со системот на плати и бенефиции, како и со развојот на вработените преку рамката на клучни компетенции. Овие процеси овозможуваат стабилност и раст на секој бизнис.

Со намера овој концепт да се доближи до компаниите во земјата, Стопанската комора на Северна Македонија на 18 мај 2022 година организира еднгдневна „он-лајн“- обука на тема: УПРАВУВАЊЕ СО УЧИНОКОТ – АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ, која ќе се фокусира на оваа важна тема за обезбедување стабилен развој на секоја организација.

*Предавач:*

*Биљана Велевска раководи со Самеримпекс Импулси од 2000 година, www.impulsi.com.mk. Има огромно искуство во управување со проекти, консултантство за менаџмент и организациски развој, анализи и дијагностика на постоечките вработени и најдобри решенија за управување на човечките ресурси, развивање на системи за управување со учинок и развивање и реализација на обуки за менаџмент и меки вештини. Во обуките пренесува реални искуства од проекти спроведени во интернационални и локални компании. Биљана е магистар по Европски менаџмент (Europa Institute во Германија). Поседува сертификати за тренер на обучувачи и коучинг од интернационални сертификациски програми, со кои овозможува компаниите да ги најдат најдобрите решенија за деловен раст и развој. Од 2020 е сертифициран консултант за Управување со учинокот (KPI Professional) на KPI Institute од Австралија.*

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3368&lng=1

**Семинар**

**17.05.2022**

# ДЕЛОВНО КОМУНИЦИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА НА РАБОТНО МЕСТО

Организациската комуникација е важен аспект од деловното опстојување на секоја компанија. Таа е темел и појдовна точка за постигнување повисока компаниска ефикасност. Организациската комуникација го овозможува преносот на информации меѓу вработените и ги решава и елиминира недоразбирањата меѓу нив. Без оглед на тоа колку организациското комуницирање изгледа како секојдневен и едноставен процес, кој сам по себе се одвива, добрите менаџери знаат дека мора да се потрудат добро да ги искористат вештините за деловна комуникација за остварување деловни придобивки за компанијата.

На интерно ниво, добрите вештини за комуницирање придонесуваат за воспоставување добри меѓучовечки односи помеѓу вработените, но и на релација вработени – менаџери. Добрата комуникација помага при создавање на успешна деловна средина и организациска култура каде што постои меѓусебно почитување и мотивираност на вработените за остварување на организациските цели, но и каде што се негуваат правилните норми, вредности и ставови.

Добрите вештини за комуницирање го овозможуваат тоа. Кога се размислува за деловната комуникација на екстерно ниво, несомнено е дека прво на што неизбежно би се помислило е комуникацијата која организацијата ја има со клиентите, добавувачите и другите соработници. Ова е исто толку важна димензија на деловната комуникација. Во современата глобална економија, кога многу малку компании функционираат само во границите на земјата во која се наоѓаат, наспроти мноштвото компании што се одлучуваат да функционираат меѓународно, не смее да се заборави и подобрувањето на интерперсоналниот и интеркултурниот однос. Сите претходно наведени аспекти на корисноста на добрите вештини за интерна и екстерна деловна комуникација имаат статус на начини преку кои индиректно или директно се помага при остварувањето на организациските цели, што секако води кон позитивен ефект врз успешноста и ефикасноста на компанијата.

***Предавачи:***
***-Проф. д-р Драган Ѓурчевски, доктор на економски науки, специјалност меѓународна економија.***
***-Доц. д-р Викторија Трајков, доктор на економски науки, специјалност маркетинг и брендирање.***

*https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3383&lng=1*



**Семинар**

**18.05.2022**

# УПОТРЕБА НА СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ ЗА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ НА ПРОДАЖБА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОФИТ




**Предавач:**

**-доц. д-р Викторија Трајков, доктор на економски науки, специјалност маркетинг и брендирање.**

***Заинтересираните за учество на овој семинар можат да се пријават најдоцна до 16.5.2022 година.***

Дигитализацијата е дел од секоја една успешна приказна во денешно време. Социјалните медиуми преку апликациите кои секојдневно ги употребуваме на нашите смарт телефони, се само дел од новата реалност во нашите животи. Facebook,Viber, Instagram, Twitter, Snapchat, и уште многу други се само дел од нашето дигитално секојдневие.

Целта на овој „онлајн“ семинар е да ги разработиме придобивките од примената на разни апликации кои се составен дел од нашите животи, употреба на алатки за нивна примена но и најважното, придобивките за компаниите од „дигитализација“ на нивниот продажен свет. Од друга страна пак многу е важно да ги идентификуваме и предностите на нивната употреба но и недостатоците со кои би се соочиле како компанија на пазарот.

Теми кои ќе се опфатат на „онлајн“ семинарот:

- Креирање на успешна веб страна и нејзините содржини за време на пандемија;
- Дата менаџмент, што на кратко би значело архивирање на мислењето на купувачите пред и за време на пандемијата;
- Инвестиции во дигитален маркетинг: Facebook,Viber, Instagram, Twitter, Snapchat;
- Предизвици и недостатоци од примената на дигиталниот маркетинг за време на пандемија.

Предавач:
доц. д-р Викторија Трајков, доктор на економски науки, специјалност маркетинг и брендирање.

*https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3378&lng=1*

Саем

20.05.2022

# Полско-Македонски Б2Б настан

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Ве поknaува да земете учество на „Полско-Македонски Б2Б настан“, кој ќе се одржи на 28 јуни 2022 година во Варшава, Република Полска.

Целта на настанот е продлабочување на соработката на компаниите производители на прехранбени производи од Република Северна Македонија и компаниите од Република Полса, заинтересирани за откуп на производи од земјава. На настанот ќе бидат присутни компании кои работат со увоз и дистрибуција на прехранбени производи за поголемите ланци на супермаркети и имаат интерс за соработка со македонски компнии, производители на свежо овошје и зеленлчук, преработки од овошје и зеленчук, вино, млеко и млечни производи, месно, кондиторски производи и тестенини.

Во рамки на настанот ќе биде организиран и мини саем на македонски производи-преработки од овошје и зеленчук, пијалоци, вино и храна, како и настан за вмрежување (Б2Б) каде македонските производители кои ќе се пријават како учесници ќе имаат можност на сопствени штандови да ги презентираат своите производи пред потенцијалните купувачи од Полска, со цел да остварат директни средби со истите.

Транспортните трошоци се на терет на компаниите.

Сите заинтересирани компании своето учество можат да го пријават најдоцна до 20 мај 2022 година (петок), кај лицето за контакт : м-р Сања Николова, телефон: +389(2)3244-091, моб: 071/230-452, електронска адреса: sanja@mchamber.mk



Саем

25.05.2022

# Саем за директни бизнис-средби „Slovak matchmaking fair Nitra 2022“

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Словачката агенција за инвестиции и трговски развој SARIO, ве поканува да учествувате на претстојниот саем за директни бизнис-средби Slovak matchmaking fair Nitra 2022, како дел од конференцијата на тема „Нова димензија на издржливоста на индустријата“, кој ќе се реализира во рамките на 27. Меѓународен саем за инженерство NITRA 2022.

Настанот ќе се одржи во просториите на Agrokomplex National Exhibition Center Nitra, Нитра, Словачка, на 25 мај 2022 година (среда), со опција и за виртуелно учество на средбите.

Саемот за директни бизнис-средби, во организација на Словачката агенција за инвестиции и трговски развој (SARIO), под покровителство на Министерството за економија на Република Словачка, веќе шеснаесет години претставува мост за поврзување на словачки и странски компании. Овој настан на компаниите им нуди единствена можност да разменат информации и да стапат во комуникација со нови потенцијални бизнис-партнери од Словачка и од странство. SARIO е најголемиот деловен настан што го организира Словачката агенција за инвестиции и трговски развој на годишно ниво и им нуди единствена можност на малите и средни претпријатија да најдат потенцијални бизнис-партнери во странство и да влезат на глобалниот пазар.

На овогодишниот настан во рамките на конференцијата предвидени се панел-дискусии на теми важни за компаниите од енергетскиот сектор, како што се енергетските приоритети, диверзификацијата на ресурсите, развојот и ширењето на нови пазари, влијанието на воениот конфликт во Украина на финансискиот пазар и тргувањето на нови пазари.

На настанот компаниите ќе имаат можност да остварат средби со компаниите што ќе бидат присутни на 27. Меѓународен саем за инженерство NITRA 2022, но и со присутните партнери на настанот, со претставниците на државната и на јавната администрација и со консултантите на SARIO.

Повеќе информации (агенда, услови за учество, регистрација) во врска со овогодишниот саем за директни бизнис-средби Slovak matchmaking fair Nitra 2022 може да најдете на Event | Slovak Matchmaking Fair Nitra 2022 (sario.sk).

Сите заинтересирани компании своето учество можат да го пријават најдоцна до 13 мај 2022 година (петок). Пријавувањето за настанот е електронски, со пополнување на пријавниот лист директно на веб-страницата на организаторот на следниот линк: Registration 1/3 « Slovak Matchmaking Fair Nitra 2022 (sario.sk)

За подетални информации во врска со настанот ве молиме контактирајте со: - м-р Сања Николова, телефон: +389(2)3244-091, моб: 071/230-452, електронска адреса: sanja@mchamber.mk

Семинар

26.05.2022

# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ - УНАПАРЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ ЗА ПОЕДНОСТАВНО МЕНАЏИРАЊЕ СО ВРАБОТЕНИТЕ

Стопанската комора на Северна Македонија на 26 мај 2022 година организира еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ - УНАПАРЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ ЗА ПОЕДНОСТАВНО МЕНАЏИРАЊЕ СО ВРАБОТЕНИТЕ.

Дигитализацизација на човечките ресусри претставува дигитална трансформација на услугите и процесите преку употреба на ВЕБ апликации, мобилни аплкации, игри или други технологии со цел побрзо, поточно и поедноставно менаџирање со вработените.

Целта на семинарот е учесниците преку предавање и примери од праксата да се запознаат со сите можности кои ги нуди дигитализацијата во однос на метриките, кои се директно поврзани со човечките ресурси во компанијата, можноста да се стекнат со нови знаења и вештини како и транспарентното работење.

За кого е наменета обуката:

Обуката е наменета за лица, кои на било каков начин, се вклучени во процесите поврзани со човечките ресурси во организациите и тоа менаџери, управители, раководители и останати вработени од секторите за човечки ресурси, правен сектор, финасии.

Начин на работа:

Еднодневниот „он-лајн“ семинар е организиран по принцип на тренинг обука, каде што учесниците преку предавање и практично опишување на дигитализацијата на процесите ќе се стекнат нови вештини и ќе ги унапредат постојните знаења поврзани со процесот на менаџмент со човечките ресурси

Предавач:

Дарко Мицкоски, ко-основач и главен извршен директор на ВИДНЕТ Солушнс, компанија која се занимава со развој на дигитални решенија наменети за унапредување на процесите поврзани со менаџирање на човечките ресурси во една компанија. Предавачот има повеќе од 18 години работно искуство во македоснките телекомуникациски компании и целото свое искуство го приемнува во развојот на сопствените решенија. ВИДНЕТ Солушнс на пазарот е познат по својот WIDNET HR Portal кој веќе се користи како во нашата земја така и во странство. Се работи за унифицирано и уникатно решение кое ги опфаќа сите процеси во менаџирањето со вработените..

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3379&lng=1



Презентација

31.05.2022

# БЕСПЛАТНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА- ПРОГРАМА EXECUTIVE MBA НА ROME BUSINESS SCHOOL BELGRADE, 31.5.2022

Стопанската комора на Северна Македонија, како ваш долгогодишен бизнис-партнер, ве поканува да учествувате на претстојната презентација на Програмата Executive MBA на Rome Business School Belgrade („РБС Белград“).

„РБС Белград“ е меѓународен бизнис-униврезитет со седиште во Белград, акредитиран од Rome Business School од Италија. Универзитетот во Рим е членка на PlanetaFormacion y Unervesidades, меѓународна мрежа создадена во 2003 година од De Agostini и од Групацијата Planeta, која претставува синоним за посветеност не само на компаниите туку и на универзитетското образование и на стручната и доживотна обука.

Програмата MBA е наменета за сите професионалци, менаџери и претприемачи кои имаат цел да се здобијат со дополнителни вештини и компетенции, кои не само што се потребни за успешни деловни потфати туку се и клучни за сите оние кои веруваат во етички пристап во работата. Со завршувањето на Програмата студентите се здобиваат со 60 меѓународно признати ЕКТС-кредити и со двојна диплома.

Програмите се креирани во согласност со работните обврски на студентите, со тоа што предавањата се одвиваат еднаш месечно за време на викендите.

Изборот на една од програмите на „РБС Белград“ е инвестиција во иднината, бидејќи на студентите им овозможува вистинско корпоративно искуство и деловно опкружување, преку стратешки насоки, иновативен пристап и преку висококвалитетна содржина.

Со цел подетално запознавање со програмите и со можностите што ги нуди Rome Business School Belgrade („РБС Белград“), ве покануваме да ја проследите презентацијата која ќе се одржи на 31 мај 2022 година (вторник), во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија (кат 5, сала 4), со почеток во 12:00 часот.

Сите заинтересирани учесници своето присуство можат да го потврдат со пополнување на пријавниот лист во прилог, најдоцна до 27 мај 2022 година (петок).

За подетални информации ве молиме контактирајте со лицето за контакт, м-р Сања Николова, тел: +389/3244-091, моб: 071/230-452, електронска адреса: sanja@mchamber.mk.

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100 години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088